20261331908

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 7 став (11) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јуни 2026 година, донесе

# УРЕДБА ЗА НАЧИНОТ НА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ОБЛАСТИТЕ И ПОДОБЛАСТИТЕ И ВИДОВИТЕ СУБЈЕКТИ ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ НА ДЕТАЛНАТА ЛИСТА НА ОБЛАСТИ И ВИДОВИ НА СУБЈЕКТИ ОД ОБЛАСТИТЕ СО ВИСОКА КРИТИЧНОСТ И ДЕТАЛНАТА ЛИСТА НА ПОДОБЛАСТИ И ВИДОВИ НА СУБЈЕКТИ ВО ДРУГИТЕ КРИТИЧНИ ОБЛАСТИ, НАЧИНОТ НА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ДЕТАЛНАТА ЛИСТА НА СУШТИНСКИ СУБЈЕКТИ И ДЕТАЛНАТА ЛИСТА НА ВАЖНИ СУБЈЕКТИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДЕТАЛНАТА ЛИСТА НА ОБЛАСТИ И ВИДОВИ НА СУБЈЕКТИ ОД ОБЛАСТИТЕ СО ВИСОКА КРИТИЧНОСТ, ДЕТАЛНАТА ЛИСТА НА ПОДОБЛАСТИ И ВИДОВИ НА СУБЈЕКТИ ВО ДРУГИТЕ КРИТИЧНИ ОБЛАСТИ, ДЕТАЛНАТА ЛИСТА НА СУШТИНСКИ СУБЈЕКТИ И ДЕТАЛНАТА ЛИСТА НА ВАЖНИ СУБЈЕКТИ, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ОБЛАСТИ СО ВИСОКА КРИТИЧНОСТ, РЕГИСТАРОТ НА ДРУГИ КРИТИЧНИ ОБЛАСТИ, РЕГИСТАРОТ НА СУШТИНСКИ СУБЈЕКТИ И РЕГИСТАРОТ НА ВАЖНИ СУБЈЕКТИ

### Предмет

Член 1

Со оваа уредба се уредува начинот на идентификација на областите и подобластите и видовите субјекти заради утврдување на деталната листа на области и видови на субјекти од областите со висока критичност и деталната листа на подобласти и видови на субјекти во другите критични области, начинот на класификација на деталната листа на суштински субјекти и деталната листа на важни субјекти, формата и содржината на деталната листа на области и видови на субјекти од областите со висока критичност, деталната листа на подобласти и видови на субјекти во другите критични области, деталната листа на суштински субјекти и деталната листа на важни субјекти, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на области со висока критичност, регистарот на други критични области, регистарот на суштински субјекти и регистарот на важни субјекти.

### Начин на идентификација на областите и подобластите и видовите субјекти

Член 2

(1) Областите, подобластите и видовите субјекти заради утврдување на деталната листа на области и видови на субјекти од областите со висока критичност се идентификуваат според улогата која ја имаат во обезбедувањето на виталните општествени или економски функции на општеството.

(2) Подобластите и видовите субјекти заради утврдување на деталната листа на подобласти и видови на субјекти во другите критични области се идентификуваат според влијанието кое го имаат во обезбедувањето на услуги од суштинско значење, а кои не спаѓаат во областите со висока критичност.

**Начин на класификација на деталната листа на суштински субјекти**

Член 3

(1) Класификација на деталната листа на суштински субјекти се врши согласно:
- статусот на субјектите;
- големината на субјектите и
- услугите кои ги обезбедуваат.

(2) Согласно статусот, суштински субјекти се институциите од јавниот сектор согласно закон.

(3) Суштински субјекти се големите субјекти кои согласно Законот за трговските друштва се класифицирани во големи трговци во областите енергетика, транспорт, банкарство, финансиски пазар, здравство, дигитална инфраструктура, управување со ИКТ-услуги (B2B), снабдување на вода за пиење и дистрибуција, отпадни води, поштенски и курирски услуги, управување со отпад, изработка, производство и дистрибуција на хемикалии, производство, преработката и дистрибуција на храна, производство и даватели на дигитални услуги и истражување.

(4) Согласно услугата што ја обезбедуваат суштински субјекти се:
- давателите на квалификувани доверливи услуги, регистар на имиња на врвните домени (доменот mk и доменот мкд) или давател на ДНС услуги, независно од нивната големина;
- операторите, односно давателите на јавни електронски комуникациски мрежи и/или јавно достапни електронски комуникациски услуги кои се сметаат за средни и големи субјекти;
- субјектите кои се даватели на доверливи услуги;
- субјектот кој го води Единствениот регистар на врвни домени (доменот мк и доменот mkd) согласно закон;
- субјектите кои се утврдени како сопственици/оператори на критична инфраструктура;
- субјектите кои согласно националното законодавство се утврдени како суштински субјекти и
- другите субјекти, кои согласно закон или врз основа на направена проценка на ризик се утврдени како суштински субјекти.

**Начин на класификација на деталната листа на важни субјекти**

Член 4

(1) Класификација на деталната листа на важни субјекти се врши согласно:
- големината на субјектите и
- согласно закон или врз основа на направена проценка на ризик.

(2) Важни субјекти се средните субјекти кои согласно Законот за трговските друштва се класифицирани во средни трговци во областите енергетика, транспорт, банкарство, финансиски пазар, здравство, дигитална инфраструктура, управување со ИКТ-услуги (B2B), снабдување на вода за пиење и дистрибуција, отпадни води, поштенски и курирски услуги, управување со отпад, изработка, производство и дистрибуција на хемикалии, производство, преработката и дистрибуција на храна, производство и даватели на дигитални услуги и истражување.

(3) Проценката на ризик заради утврдување на важните субјекти се врши согласно методологија.

**Формата и содржината на деталната листа на области и видови на субјекти од областите со висока критичност и деталната листа на подобласти и видови на субјекти во другите критични области**

Член 5

(1) Деталната листа на области и видови на субјекти од областите со висока критичност и деталната листа на подобласти и видови на субјекти во другите критични области се водат во електронска форма.

(2) Деталната листа на области и видови на субјекти од областите со висока критичност и деталната листа на подобласти и видови на субјекти во другите критични области ги содржи следните податоци:

- област,
- подобласт и
- вид на субјект.

**Формата и содржината на деталната листа на суштински субјекти и деталната листа на важни субјекти**

Член 6

(1) Деталната листа на суштински субјекти и деталната листа на важни субјекти се водат во електронска форма.

(2) Деталната листа на суштински субјекти и деталната листа на важни субјекти содржат податоци за:

- назив на субјектот,
- матичен број на субјектот,
- седиште (општина, улица, број, влез, стан),
- контакт податоци (телефон и/или електронска адреса),
- услуги кои ги обезбедуваат, односно дејности кои ги вршат и
- опсегот на IP на субјектот.

**Форма, содржина и начин на водење на регистарот на области со висока критичност и регистарот на други критични области**

Член 7

(1) Регистарот на области со висока критичност и регистарот на други критични области се водат во електронска форма.

(2) Регистарот на области со висока критичност и регистарот на други критични области содржат податоци за:

- област,
- подобласт,
- вид на субјект и
- назив и матичен број на субјектите кои припаѓаат на секоја од областите, подобластите и видот на субјектите со висока критичност.

**Форма, содржина и начин на водење на регистарот на суштински субјекти и регистарот на важни субјекти**

Член 8

(1) Регистарот на суштински субјекти и регистарот на важни субјекти се водат во електронска форма согласно податоците од став (2) на овој член.

(2) Регистарот на суштински субјекти и регистарот на важни субјекти содржат податоци за:

- назив на субјектот,
- матичен број на субјектот,
- седиште (општина, улица, број, влез, стан),
- контакт податоци (телефон и/или електронска адреса),
- услуги кои ги обезбедуваат, односно дејности кои ги вршат,
- управител на субјектот,
- офицер за сајбер безбедност, за институциите од јавниот сектор кои се суштински субјекти,
- контакт лице и
- опсегот на IP на субјектот.

(3) Податоците од ставот (2) на овој член, се обезбедуваат од страна на Министерството за дигитална трансформација по службена должност по електронски пат од соодветните регистри кои ги водат надлежните јавни органи.

**Влегување во сила**

Член 9

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-4080/15
16 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.